821.163.3.09.82.09

*Ранко МЛАДЕНОСКИ*

# КНИГА ЗА КНИГИТЕ

*(Виолета Мартиновска, Книжевен континуитет, текови и портрети, Феникс, Скопје, 2003)*

Изданието под наслов „Книжевен континуитет“ и со поднаслов „текови и портрети“ на издавачката куќа „Феникс“ од Скопје е дебитантска книга на м-р Виолета Мартиновска во областа на критиката и есеистиката. Станува збор за збирка рецензии и осврти на книги од различни литературни подрачја: народно творештво, средновековен период, поезија, проза, книжевност за деца и млади, книжевна теорија, критика и есеј и на крајот се сместени неколку записи и погледи. Книгата, всушност, претставува избор од над 200 текстови на Мартиновска - критики, студии, прилози, есеи - кои веќе се објавени во периодичните списанија. Изборот е сведен на 45 текстови во кои се елаборираат најосновните карактеристики на објавени дела од четириесетина автори.

Во делот за народното творештво се застапени текстови за книгите „Актерството на народниот раскажувач“ од Танас Вражиновски, „Митологија на јаболкото и прстенот“ и „Народна ризница“ од Ленка Татаровска и „Македонски космогониски легенди“ од Ермис Лафазановски. Поглавјето коешто се осврнува на средновековната книжевност е резервирано за осврти кон книгите „Пасхалија“ на Јоан Хармосин - Охридски, „Словенска палеографија“ на Владимир Мошин, „Преиспитување на традицијата“ на Стивен К. Баталден, „Кичевскиот октоих“ на Ѓорѓи Поп-Атанасов, „Средновековни книжевни творци“ на Добрила Миловска и „Икони на ноуменот“ од Стефан Санџакоски. Во рамките на делот за поетските книги, се сместени резензиите кон повеќе стихозбирки и тоа „Пофалба на времето“ од Марина Цветаева, „Внатрешен предел“ од Матеја Матевски, „Света песна“ на Анте Поповски, „Кртечина“ од Јован Котески, „Вечната бесконечната“, „Јас оксиморон“ и „Псалми“ од Михаил Ренџов, „Штит“ од Радован Павловски, „Кревкото тело на Кирил Пејчиновиќ“ од Јован Павловски, „Она“ од Богомил Ѓузел, „Голема молитва“ од Светлана Христова - Јоциќ, „Глас крепител“ од Тодор Чаловски, „Цвеќе од сјај и сон“ од Ефтим Клетников, „Гласот на предците“ од Раде Силјан и „Зборови и вода“ од Славе Ѓорго - Димоски. Рецензиите од областа на прозата се однесуваат на книгите „Вита бревис - писмо на Флорија Емилија до Аврелиј Августин“ од Јостен Гордер, „Ќелав штурец“ од Димитар Солев, „Патување со љубената“ од Божин Павловски, „Пророкот од Дискантрија“ и „Смртта на дијакот“ од Драги Михајловски и „Вдув“ од Јордан Даниловски. Освртот за збирката раскази „Рано дојде љубовта“ од Горјан Петревски е показ за љубопитството на Мартиновска кон книжевноста за деца и млади. Во делот посветен на книжевната теорија се соочуваме со елаборациите за „Уметноста на љубовта“ од Ерих Фром, „Љубов, поезија, мудрост“ на

Едгар Морен, „Феноменологија на кичот“ на Лудвиг Гиц, „Небиднината“ од Георги Старделов, „Возбуда по зборот“ од Васил Тоциновски, „Тајна одаја“ и „Мала книжевна теорија“ на Катица Ќулавкова, „Од дијалогизам до интертекстуалност“ на Елизабета Шелева, „Поетика на несознајното“ од Лидија Капушевска - Дракулевска и „Рацин и експресионизмот“ на Весна Мојсова - Чепишевска. Со текстовите на Мартиновска за книгата „Решки и шарки по ѕидовите на времето“ на Гане Тодоровски и за книгата „Отаде системот“ на Иван Цепаровски се среќаваме во делот од оваа книга којшто е наменет за критика и есеј. И последната целина од „Книжевен континуитет“ во која се сместени записите и погледите на Мартиновска, се состои од текстовите за книгите „Тарковски“, приредувач: Марина Тарковска, превод од руски: Весна Товстоганов и „Логос и хиерархија“ од Ферид Мухиќ. Тоа е целосниот список на библиографските единици кои се обработуваат во книгата „Книжевен континуитет“ на м-р Виолета Мартиновска.

Очигледно е дека интересот на Мартиновска во сферата на литературата е широк. Таа се осврнува и на прозни и на поетски книги, и на критички и на есеистички трудови, и на текстови за и од фолклорот, и на дела од областа на теоријата на литературата, но забележливо е исто така дека, сепак, Мартиновска е најсилна во рамките на средновековната книжевност што воопшто и не треба да нè зачудува, зашто таа и по професија и по вокација е медијавелист. Но, се разбира дека и другите сегменти од книжевноста, па и современата литература, не ѝ се туѓи, а тоа мошне солидно е покажано во оваа нејзина дебитантска книга.

Она што ја прави особено привлечна оваа збирка на рецензии, се разбира според нашето мислење, е обидот на Мартиновска објективно, отворено, јасно и гласно да проговори за вредноста или невредноста на книгите за кои пишува. Текстовите објавени во оваа книга го потврдуваат фактот дека кога Мартиновска ги пишуваа рецензиите, таа не го прави тоа со однапред „смислен план“ како најдобро (и најсрдечно!) да го пофали авторот, како што често се прави во македонската литературна критичка мисла, ами нејзината цел е кристално јасна - да ги регистрира доблестите, но и маните на книгите за кои зборува. Така, Мартиновска воопшто не се двоуми кога треба да даде позитивна оценка за една книга. *„Иако преовладува мислењето дека овој литерат остварува успешни романи за деца и младина, оваа книга го потврдува спротивниот факт, според кој Петревски е успешен автор и на раскази“,* пишува Мартиновска во рецензијата за „Рано дојде љубовта“ на Горјан Петревски. Но, таа не се колеба ни кога неизбежно мора да се жигосаат и пропустите. За книгата „Мала книжевна теорија“ на Катица Ќулавкова пишува: *„Книжевниот теоретичар Катица Ќулавкова го предизвика нашето внимание со книгата Мала книжевна теорија. Наслов кој збунува и нуди небулозност. Во литературната епистемологија со терминот ’мала книжевна теорија’ не се прецизира за кој дел од книжевната теорија станува збор. Дали кој било дел од теоријата на литературата може да се именува со ’мала книжевна теорија’ или тоа се однесува само на една книжевна теорија? Најверојатно, епитетот ’мала’ укажува на скратена книжевна теорија, но со тоа не се оправдува отсутната децидност“.* Или за романот „Патување со љубената“ на Божин Павловски, Мартиновска заклучува:

*„Воочлива карактеристика на ракописот е банализирање на литературата... Литературата содржи бескраен хоризонт на творење, но дали секоја напишана трага е литература?“.* Или, уште ова, за Јован Павловски: *„Очајно е кога поети како што е Јован Павловски објавуваат претенциозни ракописи со лабава структура и здодевна нарација. Таков е случајот со поемата Кревкото тело на Кирил Пејчиновиќ... На многу места цитатите се наметливо употребени и ја задушуваат оригиналноста на поемата... Едноличноста на пеењето е континуирана, од почетокот, па сè до крајот. На моменти се добива впечаток дека станува збор за поетска проза, а не за поема“.*

Се соочуваме во оваа книга, значи, со автор кој нема и не сака да има влакна на јазикот. Се разбира дека критериумите во литературата се мошне кревки кога треба да послужат како инструментариум со чија помош ќе се покаже и докаже дека едно „литературно“ дело е или не е литература, е или не е уметнички вредно. Но, Мартиновска мошне умешно ги вклопува своите аргументи во последователната докажливост, така што внимателниот читател, едноставно, ќе мора да ѝ верува.

Значи, во глобала, Виолета Мартиновска со книгата „Книжевен континуитет“ ни понуди текстови кои сами од себе ја провоцираат нивната читливост.